РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-64/2
09.06.2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 70-та седница одржана на 09.06.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапувањето по пријавата со број 12-64/1 од 03.01.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека предметот нема елементи за натамошно постапување согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со архивски број 12-64 од 2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-64/1 од 03.01.2022 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомнежи за вработување лице – хигиеничар во Општинско основно училиште "Живко Чинго" – с. Велгошти – Охрид (во понатамошниот текст: училиштето), спротивно на чл. 8-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), за време на локалните избори 2021 година. Од ДКСК се бара да постапи согласно со нејзините законски надлежности во врска со овој случај и во прилог на пријавата доставени се докази.

ДКСК откако ја разгледа пријавата со доставените докази утврди дека во конкретниот случај, одговорното службено лице во училиштето – ///, донело Одлука за потреба од распишување на оглас за пополнување на следните работни места на неопределено и полно работно време во училиштето бр. /// од /// година.

Јавен оглас за пополнување на слободни работни места во помошно-техничката служба бр. /// од /// година, бил објавен на /// година во дневен весник /// и ///.

На огласот како единствен кандидат се јавило лицето ///, што е констатирано на Записник бр. /// од /// година од страна на училишниот одбор, по што до директорот е доставен предлог за вработување на ова лице бр. /// од /// година.

Одлука за избор на хигиеничар бр. /// од /// година е донесена од директорот на училиштето.

Лицето е пријавено во работен однос во училиштето на /// година.

Согласно со чл. 8-а ст. 1 а. 3 од Изборниот законик: *"Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може: да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи."*

Во конкретниот случај, изборниот процес локални избори 2021 во Охрид започнал на /// година, а завршил на /// година, со верификацијата на мандатот на членовите на Советот на Општина Охрид, на својата конститутивна седница одржана на /// година ("Службен гласник на Општина Охрид" бр. 12/21). Имајќи предвид дека постапката за вработување во училиштето започнала на /// година, ДКСК констатира дека со носењето на Одлуката за потреба од распишување на оглас за пополнување на

следните работни места на неопределено и полно работно време во училиштето бр. /// од /// година, одговорното лице во училиштето постапило спротивно на чл. 8-а од Изборниот законик. Меѓутоа, со увидот на веб страната на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk, ДКСК неспорно утврди дека службеното лице е разрешено од функцијата, заради што оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Доставено до:
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Н. Б.